НЕЗАБОРАВНИ СЕЌАВАЊА ЗА МЛАДИОТ ЕВРЕИН ГАМБИЕЛ ГАСТОН ОД БИТОЛА

# Сликите аманет за семејно постоење

Tweet
Like 0 Share
19 јануари 2007 - 18:55

Починувајќи непосредно пред Втората светска војна, во која од Битола беа депортирани и погубени над 3.200 Евреи, на семејството Кипровски како аманет за нивното постоење од фамилијата Гастон им се оставени слики кои денес како најголем аманет се чуваат во сеќавање на постоењето на семејството што повеќе го нема

Низ времето што изминува не сите траги се бришат и заборааат. За многу настани, личности остануваат документи, а и сеќавања. Колку тие да стануваат занемарливи, за некои се неизбришливи и незаборавни.
Битола иако е град во кој живееле, престојувале или минувале многу личности, сепак, за дел од нив сеќавањата постојано се прераскажуваат и возобновуваат. За Евреите кои завршија во злогласниот логор Треблинка, тие никогаш нема да се заборават. Ќе се прераскажуваат од генерација на генерација, не само затоа што за нивното повеќегодишно опстојување во овој град има бројни спомени и документи, но и затоа што низ секојдневното живеење со битолчани има сеќавање и спомени што никогаш нема да се заборават. Некои се евидентирани низ литературно, ликовно и друг вид творештво, а некои се прераскажуваат од уста на уста. Се помнат како аманет за никогаш да не се заборават. Не само како опомена, нивната трагедија никогаш повеќе да не се случи, туку и како приказ дека заедништвото и соживотот може да се негуваат и одржуваат без разлика на националната, верска и друга различна припадност.





**СЛИКИ**

Во семејството на Павле и Славка Кипровски, животот на едно еврејско семејство остави длабоки траги. Павле Кипровски одамна е починат, но неговата сопруга Славка со пиетет и почит го чува спомонот на еврејското семејство Гастон, што живееше во нивната куќа. Уште повеќе што на тоа ја задолжува аманетот што и е оставен. Станува збор за 50-тина слики изработени со акварел и туш, еден стрип и повеќе фотографии.

- Сликите ги изработи младиот Гамбиел Гастон, кој имаше извонреден сликарски талент. Бидејќи непосредно пред војната се разболе од ТБЦ и набргу почина, сликите што ги создаваше останаа кај неговите родители. Таткото Ерик беше трговец, а неговата мајка Фрида пијанистка. Ним и на другите деца им беа единственото сеќавање за нивниот прерано починат син Гамбиел. Непосредно пред депортацијата, Ерик дојде кај нас и му рече на мажот ми: "Еве ти ја оваа папка со сликите, стрипот и фотографиите на мојот починат син. Ако некогаш се вратиме, ќе си ги земеме, а ако не - ти ги оставам во аманет да ги чуваш засекогаш. Тие ми беа се од мојот син. Можеби нема да останат од нашиот живот од нашето шестчлено семејство".

Павле Кипровски, учесник во НОБ и познат битолчанец, додека беше жив често ги гледаше насликаните мотиви од битолските улички, куќи, пејзажи. Како низ нив да проникнуваше во животот на сите Евреи, на семејеството Гастон што живееја во овој град.



**СОЛИДАРНОСТ**

- Кога почнаа да се шират гласини дека Евреите ќе ги депортираат, мојот сопруг Павле им понуди на соседите да ги спаси со заминување од градот на безбедно место. Неговата сестра беше врсничка со неговата сестра Нина. Често и Гамбиел беше во нашиот дом. Но, семејството на Гастон не сакаше да замине, бидејќи кај нив имаше стара жена, бабичка. Тие не сакаа да ја напуштат, да заминат без неа. Сите беа солидарни и покрај тоа што сопругот им велеше дека ние ќе се грижиме за бабичката. Им ветувавме дека и таа ќе биде згрижена. Но, не сакаа без неа да заминат, вели Славка.

Заминаа во едно морничаво и тажно претпладне. За последен пат од своите домови низ битолските улици до железничката станица и до Скопје. А од таму во Треблинка. Беа над 3.200. Стари и млади, жени и деца. Меѓу нив и семејството Гастон и родителите на талентираниот уметник Гамбиел. Кај Кипровци останаа сликите, кај битолчаните трауматичните сеќавања за нив. За оние што ги среќаваа низ соседството, низ чаршијата, низ секојдневниот живот со нив.

- Сликите во нашата куќа се чуваат како најдрагоцена реликвија. Тие за еврејското семејство беа се. Како такви останаа и за нас. Не само што имаат уметничка вредност, што ја имаат овековечено некогашна Битола, туку се и емоционално вредни за нас, за нивното постоење и живеење. Асоцијацијата на тажните времиња кои сите сакаме да не се повторат, некогаш не тера да размислуваме за тој невиден злостор - додава Славка Кипровска.

Има битолчани што посакуваат тие да бидат изложени на посебна изложба, да се најдат во музејот на холокаустот што ќе се гради во Скопје. Така можеби низ нивните бои ќе се нагласува убавината на животот. За никогаш повеќе да не биде мрачен. Гамбиел и неговите најблиски беа такви, секогаш весели и насмеани и покрај тешкотиите. Тој успеваше најверодостојно да го наслика веселиот и убав живот од својата средина. Низ сликите се "регистрирани" незаборавни сеќавања. Тие се аманет за Кипровци и за битолчани.

***Петар СТАВРЕВ***

Like Share Be the first of your friends to like this.

# Поврзани